# Универзитет Скопје

# УТМС Институт за бизнис и менаџмент

# Програма за работа

# УТМС Институт за бизнис и менаџмент

# 2024-2027 година

Јануари 2024 година

## Содржина

Вовед....3
1. Причини, цели и оправданоста за основање....4
2. Научно-истражувачко поле....5
3. Просторни услови....5
4. Опрема за остварување на научно-истражувачка и стручна дејност6
5. Извор на финансиски средства....7
6. Научен и наставно-научен кадар....8
7. Административен и помошно-технички кадар....10
8. Планирање и контрола....11
9. Научно-истражувачка и стручна работа....12
10. Библиотека....16
11. Информатичко – технички ресурси....17
12. Јавност во работата....19

# Вовед

Програмата за работа на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент за периодот 2024–2027 година е изработена во согласност со Статутот на Универзитетот Скопје, Законот за високото образование и Правилникот за стандардите и нормативите за вршење научно-истражувачка дејност, при што се земени предвид сите релевантни елементи кои се однесуваат на организацијата, дејноста, кадровските, просторните, техничките и финансиските услови за функционирање на научна установа.

Програмата се темели на стратешките определби на Универзитетот, како и на принципите на транспарентност, партиципативност, квалитет и континуирано унапредување во планирањето и реализацијата на активностите, при што се опфатени сите клучни сегменти на работењето: научно-истражувачката и наставно-образовната дејност, кадровските капацитети, инфраструктурата и опремата, библиотечните ресурси, финансирањето, меѓународната соработка, издавачката дејност, како и системот за планирање и обезбедување на квалитет.

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент претставува научно-истражувачка и образовна организациона единица која спроведува основни, применети и развојни истражувања, како и експертска, едукативна и консултантска дејност, со фокус на афирмација на добри практики во областа на бизнисот и менаџментот. Неговото делување е насочено кон создавање и примена на современи знаења, поддршка на одрживиот развој и јакнење на врската помеѓу науката, образованието и практиката.

Во рамки на своето делување, Институтот ќе реализира научно-истражувачка и наставно-образовна дејност на втор циклус на студии, во научно-истражувачките подрачја на општествените, природно-математичките и техничко-технолошките науки, во согласност со Меѓународната Фраскатиева класификација и европските стандарди во високото образование.

Реализацијата на наставата ќе започне по исполнување на законските услови утврдени со Законот за високото образование, при што Институтот ќе работи на подготовка и акредитација на студиски програми од втор циклус, како и на нивно континуирано унапредување и усогласување со европскиот високообразовен простор.

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е основан со Одлука на Сенатот на Универзитетот Скопје бр. 02-66/1 од 07.02.2018 година, а неговото работење е потврдено со Решение за исполнетост на условите за работа издадено од Министерството за образование и наука на РСМ бр. 16-763 од 18.05.2018 година.

# 1. Причини, цели и оправданоста за основање

Основната **причина** за основање на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент произлегува од потребата за развој на современа научно-истражувачка и високообразовна институција која ќе одговори на динамичните промени во економијата, бизнисот и општеството. Институтот има за цел да обезбеди интегриран пристап кон научно-истражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, преку создавање и примена на современи знаења и вештини.

**Оправданоста** за основање се темели на потребата од развој на компетентен кадар, унапредување на научните истражувања и јакнење на врската помеѓу академијата и практиката, во согласност со националните приоритети и европските стандарди во високото образование.

**Визијата** на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е да се развие во автономна, современа и препознатлива научно-истражувачка и високообразовна институција, која ќе обезбедува висококвалитетно образование и истражувања, во согласност со европските норми и стандарди и потребите на општеството.

**Мисијата** на Институтот е создавање услови за реализација на научни истражувања и едукација на компетентни стручњаци во областа на бизнисот и менаџментот, кои ќе бидат препознатливи на пазарот на труд и ќе придонесуваат кон унапредување на економијата и стопанството.

**Основната стратешка цел** е обезбедување квалитетно функционирање на Институтот согласно меѓународните стандарди во високото образование. Во таа насока, се поставуваат следните **цели:**
- развој на компетенции кај студентите преку современи наставни методи;
- обезбедување високо ниво на теоретско знаење и практични вештини;
- поттикнување на практична примена на знаењето и подготовка за пазарот на труд;
- континуирана дидактичко-методска надградба на наставниот кадар;
- зајакнување на соработката со експерти од практиката.

Остварувањето на мисијата и целите се базира на развој на Институтот како динамична, автономна и квалитетно ориентирана научно-истражувачка и образовна институција. Клучни **приоритети** се:
- посветеност кон високи стандарди во научните истражувања;
- вклучување во европскиот и меѓународниот академски простор;
- развој и примена на високи етички и истражувачки стандарди;
- континуирано унапредување на компетенциите на кадарот;
- обезбедување висок квалитет во наставата и истражувањата;
- подготовка на студентите за предизвиците на современиот пазар на труд.

Научно-истражувачката и наставно-образовната дејност на Институтот ќе биде насочена кон континуирано следење, анализирање и имплементација на современите трендови во европскиот и светскиот високообразовен и истражувачки простор, со цел обезбедување висок квалитет, релевантност и применливост на знаењата. Преку интеграција на современи научни достигнувања, иновативни наставни методи и

интердисциплинарен пристап, Институтот ќе придонесува кон развој на компетентен кадар, унапредување на научните истражувања и јакнење на врската помеѓу образованието, науката и практиката, во согласност со европските стандарди и потребите на пазарот на труд.

## 2. Научно-истражувачко поле

Научно-истражувачката дејност на Институтот се реализира во рамки на научно-истражувачките подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките и општествените науки, со примена на интердисциплинарен пристап и фокус на развој на современи, применливи и иновативни знаења. Институтот се насочува кон интеграција на економските, технолошките и аналитичките аспекти на современото работење, со цел создавање решенија кои одговараат на актуелните предизвици во бизнисот и општеството.

Во рамки на овие подрачја, Институтот ги опфаќа научно-истражувачките полиња на економски науки, организациони науки и управување (менаџмент), правни науки, образование, математика, информатика, како и индустриско инженерство и менаџмент. Дополнително, се опфатени и научно-истражувачките области како економија, маркетинг, менаџмент, банкарство, сметководство, претприемништво, информатички технологии и статистика, кои овозможуваат сеопфатен и мултидисциплинарен пристап во истражувањето.

Преку овие полиња, Институтот обезбедува континуирано надградување на знаењата, поддршка на доживотното образование и активно вклучување на научните достигнувања во наставниот процес и практиката. На овој начин се придонесува кон унапредување на академската и професионалната компетентност, како и кон усогласување со европските норми, стандарди и современи научни трендови.

## 3. Просторни услови

Работата на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент се одвива во просториите на Универзитетот Скопје (УТМС), во седиштето на ул. Партизански Одреди бр. 99. УТМС располага со соодветен простор согласно потребните стандарди. Наставата ќе се изведува во училници и предавални и амфитетри и обезбедено соодветно место за секој студент. Имено:

- Вкупна површина на објектот: 1.934 м$^2$
- Површина по запишан студент = 4,78 квадрати
- 1 амфитеатар со вкупна површина од 350 м$^2$
- 7 предавални со вкупна површина од 692 м$^2$
- 14 канцеларии за наставниот кадар со површина од 324 м$^2$
- Студентски прашања: 92 м$^2$
- Компјутерска лабораторија: 45 м$^2$
- Читална и библиотека: 50 м$^2$
- Депо за библиотека: 30 м$^2$
- Интернет центар: 20 м$^2$
- Фотокопир: 18 м$^2$

- Простории на туристичка агенција: 45 $м^2$
- Конференциска сала: 50 $м^2$
- Приемна канцеларија: 36 $м^2$
- Лабораторија за практична настава: 161 $м^2$
- Двор: 21 $м^2$

Наставниот процес е комплексен и бара соодветни услови, односно примена на опрема и помагала. За изведување на студиската програма обезбедени се во потполност инфраструктурните параметри, неопходни за реализација на наставата. За потребите на одвивање на наставата на втор циклус на студии ќе се користат предавални, кабинети и лаборатории со Компјутерска и аудио-визуелна опрема.

**Планирани активности (2024–2027):**

- Одржување и унапредување на постојните просторни капацитети;
- Обезбедување оптимални услови за изведување на наставата во амфитеатри, предавални и лаборатории;
- Прилагодување на просторот согласно потребите на студиските програми;
- Подобрување на функционалноста на просториите за наставен и административен кадар;
- Унапредување на условите во библиотеката, читалната и лабораториите;
- Обезбедување соодветен простор за студентски активности и поддршка;
- Континуирано усогласување со стандардите за просторни услови.

**Очекувани резултати:**

- Подобрени услови за квалитетна настава и истражување;
- Поефикасно користење на просторните ресурси;
- Подобрено студентско искуство;
- Усогласеност со пропишаните стандарди.

## 4. Опрема за остварување на научно-истражувачка и стручна дејност

Институтот располага со соодветна и современа опрема која овозможува квалитетна реализација на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност. Обезбедените ресурси се во согласност со стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за основање на научни установи и вршење на научно-истражувачка дејност (Службен весник бр. 245/2022) и обезбедуваат услови за современа настава, истражување и дигитална поддршка.
Податоци за опрема која се користи при реализација на студиската програма:

- Опремени амфитеатри и предавални со цел изведување на настава согласно спецификите на наставната програма (клупи, столчиња, електронски интерактивни табли – паметни табли, табли, видео бимови, графоскопи)
- Опремена компјутерска лабораторија
- Опремени 3 компјутерски училници, со систем за далечинско учење

- 70 десктоп компјутери,
- 60 преносни компјутери за кадар и 60 преносни компјутери за студенти
- 16 печатари
- 4 скенери
- 4 сервери
- 14 ЛЦД проектори
- 6 интерактивни панели 75”
- 2 интерактивни табли 84”
- 4 машини за копирање
- Мрежни интернет приклучоци и мрежна опрема
- Мрежни уреди за складирање
- Опрема за видео конференција
- Мултимедијална и аудио опрема (видео бимови, екрани, звучници и микрофони, телевизори) поконкретно: 14 поекциони платна, 11 табли, 15 CD, DVD, плеери, 13 сараунд системи, 100 звучници, 10 LCD телевизори комплет професионална камера и 3 професионални фотоапарати
- Систем за далечинско учење

**Планирани активности (2024–2027):**

- Одржување и обновување на постојната опрема;
- Подобрување на компјутерската и интернет инфраструктурата;
- Унапредување на системот за онлајн и хибридна настава;
- Дополнување на мултимедијалната опрема;
- Обука за користење на дигитални алатки.

**Очекувани резултати:**

- Подобрени услови за настава и истражување;
- Поефикасно користење на опремата;
- Подобрена дигитална настава;
- Зголемена техничка подготвеност на кадарот и студентите.

# 5. Извор на финансиски средства

Финансирањето на активностите на Институтот, како интегрирана единица на Универзитетот Скопје, се заснова првенствено на средства од универзитетскиот буџет, како основен и стабилен извор, додека дополнителни средства се обезбедуваат преку проектни апликации и пазарни активности.
Универзитетскиот буџет обезбедува континуирано функционирање на Институтот, реализација на наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, како и одржување на инфраструктурата и кадровските капацитети, со што се гарантира институционална стабилност и основа за долгорочен развој.
Дополнителни средства Институтот ќе обезбедува преку аплицирање на национални фондови (министерства, ФИТР и др.) и меѓународни и европски програми (Horizon Europe, Erasmus+, Interreg и др.), насочени кон реализација на научно-истражувачки и иновативни проекти, јакнење на меѓународната соработка и развој на нови знаења.

Покрај тоа, Институтот ќе генерира приходи преку консултантски и експертски услуги, изработка на анализи, стратегии и проекти, како и организација на обуки и работилници, што придонесува за финансиска одржливост и практична примена на научните резултати.

Планирани активности (2024–2027):

- Обезбедување стабилно финансирање преку универзитетскиот буџет;
- Активно аплицирање на национални и меѓународни проекти;
- Развивање партнерства за учество во европски програми;
- Проширување на консултантските и експертските услуги;
- Организација на обуки и активности кои генерираат сопствени приходи.

Очекувани резултати:

- Обезбедена финансиска стабилност;
- Зголемен обем на проектно финансирање;
- Подобрена меѓународна соработка;
- Зголемени сопствени приходи и одржливост.

## 6. Научен и наставно-научен кадар

Институтот располага со соодветен научен и наставно-научен кадар кој обезбедува квалитетна реализација на наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, во согласност со областите на наставно-научните звања и научно-истражувачката работа. Кадарот е составен од наставници и соработници со релевантни академски звања и искуство.

| Бр. | Префикс, име и презиме | Наставно научно звање/Научно звање |
|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Наташа Ристовска | Редовен професор/Научен советник |
| 2. | Доц. д-р Нина Ангеловска Станков | Доцент/Научен соработник |
| 3. | М-р Маријана Радевска | Соработник истражувач |
| 4. | М-р Билјана Проеска | Соработник истражувач |
| 5. | М-р Сашо Кочоски | Соработник истражувач |

Ангажираниот кадар претставува клучен ресурс за обезбедување на квалитетна настава, развој на научно-истражувачки активности и унапредување на академските стандарди на Институтот.

**Планирани активности (2024–2027):**

- Одржување и унапредување на квалитетот на наставно-научниот кадар;
- Вклучување на кадарот во научно-истражувачки и меѓународни проекти;
- Поттикнување на објавување научни трудови во релевантни списанија;
- Учество на наставниот кадар на домашни и меѓународни конференции;
- Континуирано стручно и научно усовршување на кадарот;

- Вклучување на нов кадар согласно потребите на студиските програми;
- Поддршка на мобилност и размена на наставен кадар.

**Очекувани резултати:**

- Зголемен квалитет на наставата и истражувањата;
- Зголемена научна продукција;
- Подобра меѓународна соработка и мобилност;
- Континуиран развој на академскиот кадар.

## Наставно-образовна дејност

Наставно-образовната дејност на Институтот ќе се реализира во рамки на научно-истражувачките подрачја на општествените, природно-математичките и техничко-технолошките науки, со фокус на економија, организациони науки и менаџмент, како и сродни области како маркетинг, претприемништво, финансии, сметководство, статистика и информатички технологии.
Институтот ќе се стреми кон развој и усогласување на студиските програми со европската рамка на високото образование, со цел обезбедување квалитет, компатибилност и можности за мобилност и меѓуинституционална соработка.

Планирани активности (2024–2027):

- Акредитација на студиска програма од втор циклус (магистерски студии) по Бизнис менаџмент во 2024 година;
- Подготовка и акредитација на нова или ревидирана студиска програма во 2026 година;
- Усогласување на студиските програми и наставните содржини со европските стандарди и современите научни и пазарни трендови;
- Анализа и споредба со студиски програми од водечки европски универзитети;
- Примена на флексибилен модел со задолжителни и изборни предмети;
- Примена на современи наставни методи, интердисциплинарен пристап и практично ориентирани содржини;
- Поддршка на мобилност на студенти и наставен кадар.

При дизајнирањето на студиските програми ќе се земаат предвид добри практики од релевантни европски универзитети, со цел обезбедување современ и конкурентен обазовен модел.
Целта е обезбедување квалитетно и применливо образование кое ќе овозможи развој на компетенции за управување со современи организации, со фокус на претприемништво, иновации, стратегиски, финансиски и меѓународен менаџмент, како и менаџмент информациски системи, маркетинг и управување со промени.

Очекувани резултати:

- Успешно акредитирани и современи студиски програми;
- Усогласеност со европските стандарди;
- Зголемена мобилност и меѓународна соработка;
- Подобрена применливост на знаењата и подготвеност на студентите за пазарот на труд.

ПРЕДЛОГ СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

**Табела 1.** Распоред на предмети по семестри и години за академските студии

| Реден број | Код на предметот | Назив на наставен предмет | Семестар | Неделен фонд на часови | | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | П | В | |
| ПРВА ГОДИНА | | | | | | |
| 1. | О511 | Методологија на научно истражувачка работа | Прв | 45 | 30 | 7 |
| 2. | ВМ511 | Современ менаџмент | Прв | 45 | 30 | 7 |
| 3. | ВМ512 | Иновации и претприемништво | Прв | 30 | 30 | 6 |
| 4. | | Изборен предмет од Табела 8.2 | Прв | 30 | 30 | 5 |
| 5. | | Изборен предмет од Табела 8.2 | Прв | 30 | 30 | 5 |
| 6. | | Магистерски труд | Втор | | | 30 |
| **Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за година** | | | | 180 | 150 | 60 |

**Табела 2.** Изборни наставни предмети на студиската програма

| Вид на изборен наставен предмет | Број |
|---|---|
| Изборни наставни предмети од Листата на изборни предмети предложена од единицата | 2 |
| Изборни наставни предмети кои единицата ги ги обезбедува од Универзитетска листа на изборни предмети | 2 |

| Ред. Бр. | Код | Назив на предметот | Семестар | Неделен фонд на часови | | ЕКТС | Од која единица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Предавања | Вежби | | |
| 1. | ВМ513 | Деловно лидерство | Прв | 30 | 30 | 5 | Институт за бизнис и менаџмент |
| 2. | ВМ514 | Менаџмент на промени | Прв | 30 | 30 | 5 | Институт за бизнис и менаџмент |
| 3. | Е517 | Корпоративни финансии | Прв | 30 | 30 | 5 | Економски факултет |
| 4. | Е518 | Маркетинг менаџмент – пристап за донесување на одлуки | Прв | 30 | 30 | 5 | Економски факултет |
| | | | | | Вкупно: | 20 | |

# 7. Административен и помошно-технички кадар

Административниот и помошно-техничкиот кадар обезбедува континуирана поддршка во функционирањето на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на Институтот, во согласност со Статутот на Универзитетот и интерните акти.

Врз основа на одлука на Советот на Институтот, ангажиран е кадар за извршување на административни, технички и логистички работи, вклучувајќи правна поддршка, административни активности, ИТ и веб администрација, како и библиотечно работење.

Персоналот е одговорен за спроведување на административните процедури, обезбедување техничка и информатичка поддршка, одржување на дигиталните системи, управување со библиотечните ресурси и логистичка поддршка на наставните и научните активности.

Ангажманот се реализира согласно потребите на Институтот и актите за внатрешна организација, а координацијата и надзорот ги врши директорот на Институтот.

| Ред. бр. | Име и презиме | Работно место | Област на одговорност |
|---|---|---|---|
| **1** | Емина Имероска | Правник | Правна поддршка, подготовка на акти и договори |
| **2** | м-р Дарко Каровски | Администрација | Административни работи и организациска поддршка |
| **3** | м-р Горан Каровски | Веб администратор | Одржување на веб страна и дигитални платформи |
| **4** | м-р Александар Стојановски | Систем администратор | ИТ поддршка, одржување на системи и мрежа |
| **5** | Сузана Мурџева | Библиотекар | Управување со библиотечен фонд и корисничка поддршка |

# 8. Планирање и контрола

Планирањето и контролата на работата на Институтот претставуваат континуиран процес кој обезбедува ефикасно управување со наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, во согласност со законските прописи и стандардите утврдени со Правилникот за научно-истражувачка дејност.

Планирањето се реализира преку подготовка на 3 годишни програми за работа и акциски планови, кои ги дефинираат приоритетите, активностите и очекуваните резултати, усогласени со стратешките цели на Универзитетот.

Контролата на реализацијата се спроведува преку континуирано следење и анализа на активностите, подготовка на извештаи за работа, како и преку процес на самоевалуација кој се спроведува на годишно ниво, согласно утврдените меѓународни стандарди.

Политиките, процедурите и правилникот за обезбедување и контрола на квалитет се воспоставени на ниво на Универзитет и се применуваат на сите организациски единици, вклучително и Институтот. Во таа насока, Институтот ги спроведува утврдените механизми за следење, евалуација и унапредување на квалитетот, со активно вклучување на наставниот кадар, студентите и другите засегнати страни.

Планирањето и контролата овозможуваат транспарентност, одговорност и континуирано подобрување на институционалните перформанси, во насока на постигнување на висок квалитет во образованието и научно-истражувачката дејност.

# 9. Научно-истражувачка и стручна работа

## Научно-истражувачка работа

Приоритетите во Научно-истражувачка сфера на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент се:

- ✓ Развивање на научно-истражувачки и образовни модели за далечинско и доживотно образование и истражување;
- ✓ Развивање на современи форми на обука и стекнување на вештини;
- ✓ Прилагодени решенија за учење, кои се резултат на работа со организации и нивните тимови, за да се дизајнираат содржини и програми за задоволување на многу специфичните потреби на индивидуалните професионалци и на организациите;
- ✓ Организирање на широк спектар на домашни и меѓународни научни трибини, конференции, семинари, работилници;
- ✓ Развој на иницијативи за истражувања во областа на финансискиот менаџмент, одржливо лидерство, менаџмент со знаење, менаџмент со човечки ресурси, итн.;
- ✓ Евалуација на примената на научно-истражувачките достигнување.

Во контекст на научно - истражувачката дејност, кадарот и студентите од втор циклус ќе бидат вклучени во научни проекти, наставниот кадар ќе остварува учество на меѓународни и домашни научни конференции и ќе објавува научни трудови во меѓународни научни списанија индексирани во релевантни бази на податоци. Ќе се предлагаат соработки за ко-организирање на регионални научни конференции со партнерски институции. Институтот ќе се залага за учество во самофинансирачки проекти и проекти финансирани од различни програми и фондови вклучувајќи Erasmus, Horizon, Interreg, и други регионални и национални фондови.

**Планирани активности (2024–2027):**

- Вклучување на кадарот и студентите од втор циклус во научни проекти;
- Учество на наставниот кадар на меѓународни и домашни научни конференции;
- Објавување научни трудови во релевантни меѓународни списанија;
- Организација на Меѓународниот научен конгрес **ICON BEST**, кој се одржува на секои две години (Организација на 9-тото издание на ICON BEST во 2024 година и 10-тото издание во 2026 година);
- Поттикнување на соработка за ко-организирање регионални и меѓународни научни настани;
- Учество во национални и меѓународни проекти (Erasmus+, Horizon, Interreg и други фондови).

Очекувани резултати:

- Зголемена научна продукција и видливост;
- Зајакната вклученост во меѓународни истражувачки активности;
- Развој на применливи научни решенија;
- Јакнење на академската и истражувачката заедница.

## Издавачка дејност

Развој и унапредување на издавачката дејност се одвива преку публикација на списанија, монографии, разни прирачници за самостојно учење, се со цел да се овозможи лесен пристап до информации од јавен карактер и осознавање на состојбата на достигнувањата во науката.

Во контекст на издаваштвото, Институтот за бизнис и менаџмент е одговорен за континуираното издавање на меѓународното научно списание –UTMS Journal of Economics. UTMS Journal of Economics е меѓународно списание за мултидисциплинарни научни истражувања. Списанието се издава двапати годишно (јуни и декември) и има меѓународен научен уредувачки одбор. Се објавуваат внимателно селектирани, оригинални и актуелни економски трудови, рецензирани од најмалку два анонимни рецензенти. UTMS Journal of Economics е со отворен пристап (open access), без претплата и надоместоци.

Предвидено е кадарот да објавува научни трудови и во други меѓународни научни списанија како  Business Management, Bulgaria и Ekonomska Istrazivanja-Economic Research, Croatia.

Задолжителната и дополнителната литература која е предвидена во рамките на предлог студиските програми за акредитација на УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е поставена на електронски портал. Електронската библиотека располага со бројни изданија од областа на бизнисот, претприемништвото и менаџментот. Примероците во библиотечниот фонд се на македонски јазик, англиски и други јазици, и истите им стојат на располагање на кадарот, но ќе бидат достапни и за студентите од втор циклус за изработка на семинарски работи, проектни задачи и магистерски трудови.

**Планирани активности (2024–2027):**

- Континуирано издавање на меѓународното научно списание **UTMS Journal of Economics**, кое се објавува двапати годишно и обезбедува рецензирани научни трудови со отворен пристап;
- Поддршка на кадарот за објавување научни трудови во меѓународни научни списанија;
- Развој и издавање на монографии, зборници и едукативни публикации;
- Унапредување на електронската достапност на научните публикации;
- Одржување и развој на електронска библиотека со релевантна литература.

**Очекувани резултати:**

- Зголемена научна продукција и видливост;
- Подобрен пристап до научни ресурси;
- Поддршка на наставниот и истражувачкиот процес;
- Развој на академската и истражувачката култура.

## Стручно-апликативна дејност

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент е посветен кон афирмација и реализација на колективна акција со партнерите и клиентите, за:

- ✓ решавање на проблемите од заеднички интерес;
- ✓ идентификација на решенија за позитивни структурни и културни промени, кои се потребни во бизнисот и менаџментот во современото работење;
- ✓ размена на знаење;
- ✓ поттикнување на дебати;
- ✓ иновативни размислувања, развој на размислување на долг рок, независно размислување; креирање на вредности, генерирање на верувања;
- ✓ тимска посветеност, и грижа за другите.

УТМС Институтот за бизнис и менаџмент промовира унапреден пристап за полесна транзиција од линеарен концепт на економија како прескап и неодржлив на долг рок, кон кружен концепт на економија кој се однесува на поефикасно искористување на материјалните ресурси, преку задоволување на социјалните, економските и еколошките аспекти карактеристични за современите поколенија и грижа за идните поколенија.

Планирани активностите (2024–2027) за Стручно-апликативна дејност на УТМС Институтот се поделени во неколку сфери:

**1. Експертска дејност**

- Подготовка на експертски мислења, анализи, извештаи и проекти;
- Изработка на студии во области како одржливи финансии, стратешко управување, претприемништво и организациски развој;
- Поддршка на институции и компании во процеси на трансформација и развој.

**2. Консултантска дејност**

- Обезбедување консултантски услуги за компании и организации;
- Поддршка при подготовка и аплицирање на национални и меѓународни проекти;
- Помош при користење на средства од европски и други фондови.

**3. Промоција на добри практики**

- Поттикнување на поврзаност помеѓу студирањето и практичната работа;
- Промоција на волонтерство и развој на општествено одговорни вредности;
- Воведување иницијативи и награди за извонредност во работењето на компаниите.

**Очекувани резултати:**

- Подобрена примена на научните знаења во практика;
- Зајакната соработка со бизнис секторот и институциите;
- Поттикнување на иновации и одржливи бизнис модели;
- Развој на практични компетенции кај студентите и корисниците.

**<u>Гости – предавачи во наставата</u>**

Доколку се акредитираат студиски програми, Институтот ќе организира вклучување на гости–предавачи како дел од наставниот процес, со цел приближување на наставата до практиката и унапредување на применливоста на стекнатите знаења.

Планирани активности (2024–2027):

- Поканување на експерти и професионалци од бизнис секторот за одржување предавања;
- Организирање на гостински предавања по актуелни теми од областа на бизнис менаџментот;
- Реализација на посети на компании и организации;
- Вклучување на практичари во наставниот процес и интерактивни дискусии со студентите.

Овие активности ќе овозможат поврзување на теоретските знаења со практичната примена и подобро разбирање на реалните предизвици во бизнис секторот.

Очекувани резултати:

- Подобрена практична ориентација на наставата;
- Зголемена подготвеност на студентите за пазарот на труд;
- Зајакната соработка со бизнис секторот.

**<u>Обуки</u>**

Институтот организира обуки и работилници како дел од стручно-апликативната и едукативната дејност, со цел развој на знаења, вештини и претприемачки компетенции, во согласност со програмските определби на Универзитетот и потребите на пазарот.

Активностите се наменети за студенти, млади претприемачи, компании, како и јавни институции и организации.

Планирани активности (2024–2027):

- Организирање на специјализирани обуки и работилници на актуелни теми од областа на бизнисот и менаџментот;
- Вклучување на експерти од пракса во реализација на обуките;
- Развој на кратки едукативни програми и практични тренинзи;
- Соработка со компании и институции за креирање применливи обуки;
- Промоција на претприемништво и иновативно размислување кај младите.

Очекувани резултати:

- Зголемени практични знаења и вештини кај учесниците;
- Поттикнување на претприемачки дух и иницијативност;
- Подобра поврзаност помеѓу академијата и бизнис секторот;

- Поддршка на младите во развој на сопствени бизнис идеи.

**Меѓународна соработка**

Институтот развива и унапредува меѓународна соработка како составен дел од научно-истражувачката и наставно-образовната дејност, со цел зголемување на квалитетот, размена на знаења и усогласување со меѓународните стандарди.
Меѓународната соработка се реализира преку партнерства со високообразовни и научно-истражувачки институции, универзитети, институти, академии и други релевантни организации.

Планирани активности (2024–2027):

- Учество на студентите и кадарот во програмата Erasmus+ и други програми за мобилност;
- Склучување на договори за соработка со сродни институции во регионот и пошироко;
- Учество во меѓународни научно-истражувачки проекти и конзорциуми;
- Организирање и ко-организирање на меѓународни конференции, семинари и работилници;
- Размена на наставен и истражувачки кадар;
- Вклучување во меѓународни научни мрежи и асоцијации;
- Заедничка подготовка и реализација на научни публикации и истражувања.

Очекувани резултати:

- Зголемена мобилност на студенти и кадар;
- Јакнење на меѓународната видливост на Институтот;
- Подобрена научно-истражувачка продукција;
- Развој на долгорочни партнерства и проекти.

# 10. Библиотека

Библиотеката на Институтот претставува суштинска поддршка на научно-истражувачката и наставно-образовната дејност и е организирана во согласност со стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за научно-истражувачка дејност.

Библиотеката располага со соодветен фонд на научна и стручна литература од областа на научно-истражувачките полиња за кои е основан Институтот, обезбедувајќи повеќе од минимално пропишаните стандарди, како и пристап до научно-информативна периодика, електронски бази на податоци и други релевантни извори на информации.

Библиотечниот фонд опфаќа печатен и дигитален материјал, вклучувајќи книги, научни списанија, прирачници, енциклопедии, магистерски трудови и докторски дисертации, како и други ресурси неопходни за квалитетно спроведување на научно-истражувачката работа.

Согласно расположливите ресурси, библиотеката располага со следниот фонд на литература:

- задолжителна литература: 638 примероци, од кои 86 се достапни во електронски формат;
- дополнителна литература: 1435 примероци, од кои 1283 се достапни во електронски формат.

Библиотеката користи современи библиотечни системи за обработка и каталогизација на материјалите, во согласност со меѓународните стандарди, и обезбедува услови за пристап, користење и заштита на библиотечниот фонд.

Стручната работа во библиотеката ја врши квалификуван библиотекар со полно работно време, кој обезбедува поддршка на истражувачите, наставниот кадар и студентите при пристап до релевантни извори на знаење.

Преку својата организација и ресурси, библиотеката активно придонесува за унапредување на научно-истражувачката дејност, развој на академските компетенции и поттикнување на научната продукција.

Во програмскиот период 2024–2027 година, Институтот ќе спроведе активности насочени кон нејзино континуирано унапредување, усогласено со стандардите и нормативите за научно-истражувачка дејност .

Планирани активности (2024–2027):

- Збогатување на библиотечниот фонд
- Развој на дигитална библиотека
- Обезбедување пристап до научни бази и списанија
- Поддршка на наставниот процес
- Поддршка на научно-истражувачката дејност
- Модернизација на библиотечното работење
- Јакнење на библиотечните услуги

Очекувани резултати:

- Зголемен број на библиотечни единици и електронски ресурси
- Подобрен пристап до научни информации
- Зголемена научна продукција
- Подобра поддршка на наставниот и истражувачкиот процес

## 11. Информатичко – технички ресурси

Институтот располага со современи информатичко-технички ресурси кои овозможуваат квалитетна реализација на наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, во согласност со барањата на Правилникот за стандарди и нормативи.

**1. Наставна и лабораториска инфраструктура**
За реализација на наставниот процес обезбедени се:

- опремени амфитеатри и предавални со современа наставна опрема (клупи, столчиња, табли, интерактивни паметни табли, видео бимови и графоскопи);
- компјутерска лабораторија;
- три компјутерски училници опремени со систем за далечинско учење.

Оваа инфраструктура овозможува комбиниран (хибриден) пристап во наставата и поддршка на современи образовни методологии.

**2. Компјутерска и мрежна опрема**

Институтот располага со значајни информатички капацитети, вклучувајќи:
- 70 десктоп компјутери;
- 60 преносни компјутери за наставно-научниот кадар;
- 60 преносни компјутери за студенти;
- 4 сервери и мрежни уреди за складирање на податоци;
- мрежна инфраструктура со интернет приклучоци и соодветна мрежна опрема.

Овие ресурси обезбедуваат стабилна ИТ поддршка за наставата, истражувањата и административните процеси.

**3. Периферна и канцелариска опрема**

За поддршка на секојдневните активности обезбедени се:
- 16 печатари;
- 4 скенери;
- 4 машини за копирање.

Оваа опрема овозможува ефикасно управување со документацијата и административните процеси.

**4. Мултимедијална и аудио-визуелна опрема**

Институтот располага со напредна мултимедијална опрема која овозможува интерактивна и современа настава:
- 14 LCD проектори и 14 проекциони платна;
- 6 интерактивни панели (75”) и 2 интерактивни табли (84”);
- 11 табли;
- аудио системи (13 сараунд системи, 100 звучници, микрофони);
- 10 LCD телевизори;
- 15 CD/DVD плеери;
- опрема за видео конференции.

Овие ресурси овозможуваат визуелизација, интерактивност и комуникација во реално време.

**5. Дигитални и напредни технологии**

Институтот користи:
- систем за далечинско учење;
- опрема за видео конференциска комуникација;
- професионална камера и фотоапарати за продукција и документација.

Ова овозможува:
- онлајн и хибридна настава;
- меѓународна соработка;
- дигитална дисеминација на резултати.

Обезбедените информатичко-технички ресурси се во функција на непречено одвивање на наставата и научно-истражувачките активности, поддршка на дигиталната трансформација на образовниот и истражувачкиот процес, како и обезбедување усогласеност со современите стандарди за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Во програмскиот период 2024–2027 година, Институтот ќе спроведе активности за одржување и унапредување на информатичко-техничките ресурси, со цел обезбедување квалитетна настава и научно-истражувачка работа:

- Одржување и модернизација на наставната и лабораториската инфраструктура;
- Надградба на компјутерската и мрежната опрема;
- Подобрување на интернет конекцијата и безбедноста на податоците;
- Дигитализација на административните процеси;
- Унапредување на мултимедијалната опрема и условите за онлајн настава;
- Развој и користење на системи за далечинско учење;
- Обука на кадарот и студентите за користење на ИКТ алатки.

Очекувани резултати:

- Подобрени услови за хибридна и дигитална настава;
- Поефикасни наставни и административни процеси;
- Зголемена примена на дигитални технологии во наставата и истражувањата.

## 12. Јавност во работата

Институтот обезбедува јавност и транспарентност во своето работење преку редовно објавување на информации за активностите, резултатите и развојот, во согласност со Правилникот за научно-истражувачка дејност .

Промоцијата на Институтот се реализира континуирано во текот на академската година, во координација со универзитетските активности, преку:

- официјалната веб страна на Институтот и Универзитетот;
- учество на конференции, семинари и јавни настани;
- соработка со институции, компании и организации;
- објавување и промоција на научни и стручни резултати.

Преку овие активности, Институтот обезбедува достапност на информации, ја зголемува својата видливост и придонесува кон ширење на научните знаења во општеството.

Во периодот 2024–2027 година, Институтот ќе спроведе активности за обезбедување транспарентност, видливост и достапност на информации за својата работа:

- Редовно ажурирање на веб страната со информации за активности, проекти и резултати;
- Објавување на научни трудови, настани и публикации;
- Промоција на Институтот преку медиуми и дигитални канали;
- Учество на конференции, семинари и јавни настани;
- Организирање на научни и стручни настани;

- Развивање соработка со домашни и меѓународни институции;
- Вклучување во професионални и научни мрежи и асоцијации.

Очекувани резултати:

- Зголемена видливост и препознатливост на Институтот;
- Подобрена комуникација со јавноста и засегнатите страни;
- Поголема дисеминација на научните резултати.

Директор
Проф. д-р Наташа Ристовска